# *Дипломатија и Меѓународно право: Толковник во македонски контекст*

*Штип, 2025*

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

34:341/.79(038)
341(038)
341.7(038)

МАРОЛОВ, Дејан
Дипломатија и меѓународно право : толковник во македонски контекст /
Дејан Маролов, Наташа Мирославева. - Штип : НУ Универзитетска библиотека
"Гоце Делчев", 2025. - 208 стр. ; 15 см

Библиографија: стр. 203-208

ISBN 978-608-242-171-1

1. Мирославева, Наташа [автор]
а) Право и правен систем -- Меѓународно право -- Дипломатија --
Лексикони б) Право и правен систем -- Лексикони в) Меѓународно право --
Лексикони г) Дипломатија -- Лексикони

COBISS.MK-ID 65564165

## Предговор

Почитувани читатели,

Со големо задоволство ви го претставуваме трудот: „*Дипломатија и Меѓународно право: Толковник во македонски контекст*“. Ова дело е резултат на нашата долгогодишна работа и посветеност на полето на дипломатијата, надворешната политика и меѓународното право. Нашата цел беше да создадеме практичен водич кој ќе биде од помош за студентите,професионалците и за сите заинтересирани за македонската политичка сцена и нејзините меѓународни односи. Во овој толковник се објаснети

основните поими во дипломатијата и надворешната политика, како и значајни политички поими кои се неразделен дел од македонскиот контекст. Знаејќи дека ова издание е наменето да биде компактно и лесно за користење, секој поим е објаснет кратко и јасно, со фокус на неговото значење и примена.
Објаснети се и специфични поими како Пржинска влада, Охридски рамковен договор, Бадинтеров принцип, Договор од Преспа, Договор со Бугарија, Мајски договор, Тиранска платформа и сл. Вклучувањето на овие поими има за цел да понуди подобро разбирање на нашата уникатна политичка и правна реалност.

Се надеваме дека ова издание ќе ви биде корисен и практичен извор на информации, кој ќе ви помогне во вашите студии, истражувања и професионални активности. Ви благодариме што одвоивте време да го прочитате нашиот труд и се надеваме дека ќе ви биде од голема корист.

Со почит,
Авторите

# Содржина

Ad hoc дипломатија ........................ 1
Ad hoc конференции ....................... 1
Ad hoc мисии .................................. 2
Ad interim....................................... 2
Ad referendum................................. 3
Agreman ......................................... 4
Aide memoire .................................. 4
Bellum justum .................................. 6
Bona fides....................................... 6
Casus belli ...................................... 8
Corps diplomatique.......................... 8
Erga omnes ..................................... 9

Ius ad bellum .................................. 10

Ius cogens ...................................... 11

Ius gentium .................................... 12

Ius in bello ..................................... 13

Ius dispositivum.............................. 14

Laissez-passer ................................. 15

Nemo dat quod non habet............... 16

Pacta sunt servanda......................... 17

Preemptive self-defense
(Предвремена самоодбрана) - ...... 18

Sui generis ..................................... 20

Terra nullius.................................... 21

Uti possidetis juris .......................... 22

Force majeure ................................. 24

Автентично толкување .................. 27

Автономни области ....................... 27

Агресија ......................................... 29

Административен и технички персонал на дипломатската мисија ............................................................ 30

Азил ............................................... 31

Акредитивно писмо ...................... 32

Амбасада ...................................... 33

Амбасадор .................................... 33

Анкетни (истражни) комисии ...... 33

Арбитража .................................... 35

Архив ............................................ 36

Балканизација .............................. 38

Бадентерово правило ................... 39

Билатерален договор ....................40
Вето .............................................41
Вицеконзул ...................................42
Воен пакт......................................42
Деловна способност .....................44
Демарш.........................................45
Дерогација....................................45
Дипломат .....................................45
Дипломатија .................................46
Дипломатска ализа......................48
Дипломатска етика.......................49
Дипломатска и конзуларна заштита
........................................................49
Дипломатска нота ........................49

Дипломатска пошта ........................ 50

Дипломатски имунитет ................ 51

Дипломатски односи .................... 52

Дипломатски пасош ...................... 54

Дипломатски преговори ............... 56

Дипломатско право ....................... 56

Дискриминација во меѓународното право ............................................ 57

Диспозитив .................................... 58

Доајен на дипломатскиот кор ...... 59

Добри услуги ................................ 60

Договор за добрососедство со Бугарија ........................................ 62

Договорот од Преспа .................... 64

Држава .......................................... 66

Евроазиската Економска Унија (ЕАЕУ)........................................68

Европска Унија (ЕУ).....................69

Европски суд за човекови права ..71

Екстериторијалност.......................72

Екстрадиција ..................................73

Заедница на независни држави (ЗНД)...........................................74

Запден Балкан ...............................78

Извори на меѓународното право во формална смисла ...........................80

Извршување на договорите..........80

Јурисдикција ..................................81

Клаузула на најголемо повластување...................................82

Ковласт (кондоминиум)................82

Комонвелтот на нации
(Commonwealth of Nations) .......... 84

Комисија за меѓународно право .. 87

Конзуларен патент ......................... 87

Конзуларно право.......................... 88

Конзулат......................................... 88

Конзул ............................................ 89

Конкордат ...................................... 89

Консензус ...................................... 90

Конфедерација .............................. 91

Курири ............................................ 93

Легитимен....................................... 94

Мајски договор ............................. 95

Меѓународен деликт ..................... 96

Меѓународен договор ...................97
Меѓународен суд на правдата ......99
Меѓународен спор.......................102
Меѓународна арбитража.............102
Меѓународна заедница ...............103
Меѓународна конвенција............103
Меѓународна конференција .......104
Меѓународни езера .....................104
Меѓународни односи ..................107
Меѓународни организации.........107
Министер за надворешни работи
......................................................108
Министерството за надворешни работи (МНР) ..............................110
Мултилатерален договор............113

Надворешни работи .................... 114

НАТО .......................................... 114

Неутралност ................................ 119

Нотификација .............................. 126

Нунциј ......................................... 126

Обединетите нации (ООН)......... 127

Ополномоштеник ....................... 131

Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) ..... 132

Охридски рамковен договор ...... 136

Повелба ....................................... 138

Позитивно меѓународно право .. 139

Посредување (медијација) ......... 139

Почесен конзул ........................... 140

Правото на самоодбрана ............ 141

Превентивната одбрана .............. 143

Престанување на меѓународните договори ..................................... 144

Протокол .................................. 144

Пржинска влада .......................... 146

Протекторат ................................ 148

Размена на ноти .......................... 151

Ратификација .............................. 151

Светската трговска организација (СТО) ........................................ 152

Совет на Европа .......................... 155

Субјект во меѓународното право 157

Суверениот воен ред на Малта .. 158

Сукцесија ................................... 160

Територии под старателство ......166

Тиранска платформа ....................168

Усвојување на текстот на договорот ........................................................170

УНЕСКО .....................................170

Федерација ..................................174

Франкофонија (La Francophonie)175

Цесија ........................................178

Централноевропската иницијатива (ЦЕИ) ..........................................179

Шеф на држава............................182

Користена литература.................187



***Ad hoc дипломатија*** – Израз што се користи за да се направи разлика од постојаните дипломатски мисии. Ad hoc дипломатијата се доделува на определена личност или делегација за извршување на точно определени задачи. По извршување на задачата престанува и овој тип дипломатија. Се користи во ситуации кога редовните дипломатски мисии и методи не можат да ги постигнат посакуваните резултати.

***Ad hoc конференции*** – Конференции што се свикуваат

за решавање на конкретни предмети и прашања во посебни ситуации. Што значи овој тип конференции не се во постојано заседание.

***Ad hoc мисии*** **–** Мисии со посебни конкретни задачи (кои не се вршат секојдневно) доверени на делегации. Се разликуваат од постојаните мисии.

***Ad interim*** – Латински израз кој означува функција што е извршувана привремено.



***Ad referendum* –** Латински израз се користи во меѓународните односи, секогаш кога некое прифаќање или согласување, е условено со одобрување на претпоставената власт. Често се поврзува со потпишување на меѓународен договор од страна на ополномоштен претставник на некоја држава, со тоа што таквото потпишување мора да се одобри од страна на уставно надлежен орган (како законодавно тело или шеф на државата). Потекнува од латинскиот збор што значи извештај, на мислење, на потврдување).



***Agreman*** **–** Согласност од страна на една држава за акредитација на шеф на дипломатската мисија од друга држава. Кај воспоставување на дипломатските односи и при секое именување на шеф на мисијата, државата на именување пред да го постави именувањето од државата на прием бара *agreement* (одобрување) за тоа лице.

***Aide memoire*** **–** Пишан текст за одредено прашање или проблем кое мора да ги содржи најбитните податоци, за да се обезбеди прецизно

регистрирање на изложеното стојалиште и да се избегне нивно погрешно толкување. Често се пишува на лист хартија без службени ознаки или жиг, не се потпишува и се предава по усното изложување на предметот кој е тема на дискусија.

# B

***Bellum justum* –** Латински израз за војна која се води оправдано, со оправдани причини и праведни намери. Целта е со војната да се постигне нешто што е правно дозволено, а не забрането. Терминот најчесто е во контекст на правење дистинкција помеѓу праведни и неправедни војни. Изразот, пред сè има историско значење.

***Bona fides* –** Принцип на добра верба. Овој принцип ја означува идејата водилка на меѓународното право дека договорите и договорените обврски се извршуваат чесно и со искрена намера, односно,

договорите се потпишуваат за да се извршуваат и исполнуваат. Сепак и покрај постоењето на овој принцип постојат бројни примери за потпишани договори кои не се спроведувале (целосно или делумно). Таков пример е неспроведувањето на Времената спогодба склучена помеѓу Грција и Република Македонија од 1995 год. факт потврден во Пресудата на Меѓународниот суд на правдата од 2011 год.

# C

***Casus belli*** **–** Латински израз што се користи за настан кој една држава го именува како повод за започнување на војна против друга држава. Таков пример е нападот на Јапонија на американската поморска база Перл Харбор во Хаваи во 1941 год. што го оправдало влезот на САД во Втората светска војна.

***Corps diplomatique*** **–** Сите шефови на дипломатски мисии акредитирани кај владата на државата на приемот.

# E

***Erga omnes* –** Термин кој значи „кон сите“. Во меѓународното право овој термин се користи за да се опишат обврски или права кои државите ги имаат кон целата меѓународна заедница, а не само кон една или повеќе конкретни држави.

***Ius ad bellum* –** Правилата со кои се регулира употребата на сила помеѓу државите, како и нејзината оправданост и законитост, се познати како ius ad bellum (право на војна). Сепак, мора да се внимава и да се прави разлика помеѓу ius ad bellum и меѓународното хуманитарно право. Второво се активира со самиот момент на почнувањето на вооружен конфликт, а неговите одредби познати како ius in bello (право за начинот на водење на војна) треба да се применуваат од сите завојувани страни со цел да ја „хуманизира“ војната. Така,

додека правото на војна се занимава со прашањата околу законитоста на употребата на сила помеѓу државите, меѓународното хуманитарно право ги регулира начините на војување од аспект на заштита на индивидуата, без притоа да се занимава со причините, оправданоста и законитоста на вооружениот конфликт (што е задача на правото на војна).

***Ius cogens* –** Норми кои имаат карактер на фундаментални, универзално признати принципи на меѓународното право кои не можат да бидат изменети или укинати од страна на договори

меѓу државите. Овие норми се сметаат за толку основни и важни што имаат повисок ранг во хиерархијата на правото и се обврзувачки за сите држави. Пример за една таква норма е забраната за вршење геноцид.

***Ius gentium*** **–** Меѓународно право. Доаѓа од латинските зборови јус=право, генс=нација, односно гентиум(мн) = нации, што значи право на нациите, односно меѓународно право. На терминот меѓународно јавно право му претходел и терминот на германската правна школа „Меѓудржавно право“ (Interstaaten Recht),

зошто со него се регулираат односите меѓу државите.

***Ius in bello* –** Право во војна. Ги регулира начините на војување од аспект на заштита на индивидуата. Познато е и како меѓународното хуманитарно право. Негова задача е да ги регулира средствата и методите на водење војна, со цел да се ограничат страдањата и уништувањата предизвикани од вооружени конфликти. Се активира со самиот момент на почнувањето на вооружен конфликт, треба да се применуваат од сите завојувани

страни со цел да ја „хуманизира“ војната.

***Ius dispositivum*** **–** Правни норми со сила на препораки за кои странките сами одлучуваат дали ќе ги применат или не. Ова значи дека можат своите односи да ги уредуваат и на друг начин, различен од нормата на диспозитивното право. Секако, ова под услов да не ги прекршуваат jus cogens нормите.



***Laissez-passer*** **–** Термин од француско потекло кој буквално значи „дозвола за премин“. Станува збор за исправа признаена во меѓународното право, која ја издава некоја власт, за да му овозможи патување на некое лице – се идентификува со дозвола за влез, за минување или излегување.

# N

***Nemo dat quod non habet*** **–** Латински израз што практично значи дека не можеш да дадеш нешто што немаш. Интересен пример е случајот за цесијата помеѓу САД и Шпанија на островот Palmas и спорот со Холандија. Имено, согласно со договорот од Париз од 1898 год., Шпанија направи цесија на гореименуваниот остров на САД, меѓутоа власта на островот де-факто ја имаше Холандија (а не Шпанија). Оттука Постојаниот арбитражен суд во својата пресуда од 1928 год. пресуди несомнено во корист на Холандија, бидејќи Шпанија и не можела да даде нешто што немала

# P

***Pacta sunt servanda* –** Латинска фраза која значи „Договорите мора да се почитуваат“. Меѓународните договори се склучуваат со цел да се регулираат одредени права и обврски помеѓу субјектите кои ги склучуваат. Оттука, согласно овој принцип, обврските кои произлегуваат од меѓународните договори (исто како и правата) мора и треба да се почитуваат од страна на засегнатите страни. Сепак, за жал бројни се примерите низ историјата кога договорите не биле почитувани. Така на пр. Германија за време на Втората

светска војна го напаѓа СССР и покрај постоењето на договор за ненапаѓање. Грција го блокираше пристапувањето на Република Македонија во НАТО на самитот во Букурешт и покрај постоењето на времената спогодба од 1995 год. со што ја прекрши, факт кој беше констатиран и во пресуда од Судот на правдата при ОН.

***Preemptive self-defense (Предвремена самоодбрана) -***

Унилатерален акт на држава која смета дека ѝ претстои непосредна и неизбежна закана

по безбедноста, па дејствува прва. Ова може да се смета за спорно во однос на членот 51 од Повелбата на ОН, кој бара да постои вооружен напад за да се активира правото на самоодбрана.



***Sui generis* –** Латински израз кој буквално значи „свој вид“ или „уникатен по својот вид“. Во правото и политичката теорија, овој термин се користи за да се опише нешто што е уникатно и не може лесно да се класифицира или спореди со други нешта. Така Р. Македонија често се опишува како „sui generis“ во контекст на евроатлантското интегрирање, но и самото зачленување во ОН заради нетипичните барања за промена на нејзиното уставно име и официјалното знаме на државата.

# T

***Terra nullius* –** Латински израз што значи „земја на никого“, односно ничија земја во некој слободен превод. Фактички тоа е територија која претходно не била под суверенитет на ниту една држава и е слободна за ставање под сувереност. Таков пример е Австралија за која британските морепловци кои стапнале таму во 1788 год. тврделе дека е под ничиј суверенитет.

# U

***Uti possidetis juris* –** Латинска правна максима со значење – она што правно се поседува. Станува збор за принцип според кој се утврдувале меѓународните граници на новите независни држави, а поранешни колонии. Едноставно како меѓудржавни се прифаќале претходно постоечките административни граници исцртани во рамките и од страна на поранешната империја во чиј состав биле провинциите. Иако постколонијален, сепак примената на овој принцип се прифати многу пошироко (не само врз поранешните колонии).



Таков беше примерот и при распадот на СССР и СФРЈ.

# F

***Force majeure*** **–** Неможност за извршување на договорот заради постоење на виша сила за која не одлучува човекот (пример: пожар, поплава, земјотрес...). Така, доколку настане реална неможност за извршување на одредбите на договорот од причини што дошло до исчезнување или уништување на предметот неопходен за извршување на договорот, а воедно таа неможност е трајна и била предизвикана од виша сила, тогаш ќе дојде до престанок на договорот. Притоа, потребно е постоење на вистинска причинско-последична врска помеѓу дејството на вишата

сила и неможноста за извршување на договорот заради уништување или исчезнување на неопходниот предмет. Така на пример, цунамито во 2004 година предизвика значителна штета во Индонезија, Тајланд и Шри Ланка, што влијаеше врз многу меѓународни договори, особено во секторите за рибарство и туризам. Овие земји се повикаа на концептот на виша сила за да ги оправдаат неможностите за исполнување на обврските од договорите, вклучувајќи ги и договорите за извоз на морска храна кои беа привремено прекинати поради уништувањето на риболовната индустрија.

A

***Автентично толкување*** – Толкување на меѓународен правен документ од страна на оние субјекти кои го донеле документот (странки, конгреси, судски форум).

***Автономни области*** – Територии кои формално-правно се составен дел од некоја државна територија, но исто така формално-правно уживаат и определен степен на автономија во рамките на истата држава. Начините за добивање на автономија се различни. Така, автономијата може да биде доделена со внатрешни прописи на државата или пак

преку меѓународен договор на некоја меѓународна конференција или пак со одлука на ОН, (што сепак мора да биде потврдено на еден или на друг ннначин од внатрешното право). Пример за автономни области од нашето непосредно опкружување беа Косово и Војводина во рамките на Република Србија од времето на СФРЈ. Степенот на автономија може да варира зависно од законодавството на државата во чии рамки автономните територии функционираат. Така, одредени автономни територии имаат многу голем степен на автономија вклучително и

сопствени парични единици и сопствена визна политика.
Такви современи примери ги вклучуваат специјалните административни области на Хонгконг и Макао во рамките на Кина.

***Агресија*** – Поим за кој постои дефиниција уште од 1974 година, кога Генералното собрание на ОН ја усвои Резолуцијата 3314 во која во членот 1 се даде дефиницијата. Согласно со оваа резолуција агресија е „употреба на вооружена сила од страна на една држава против суверенитетот, територијалниот

интегритет или политичката независност на друга држава или на кој и да е друг начин кој не е во согласност со Повелбата на ОН, или на она што е истакнато во оваа дефиниција“ (Резолуцијата 3314 на ГС, член 1).

***Административен и технички персонал на дипломатската мисија*** – Членови на персоналот на дипломатската мисија кои се вработени во техничката и административната служба. Овде се вбројуваат и членовите на нивното семејство, кои живеат во исто домаќинство.

A

***Азил*** – Неповредливост на лице, што значи засолниште или заштита од прогон. Може да биде територијален азил кој го дава државата на прием на апатрид или странец, бидејќи смета дека властите во сопствената држава го прогонуваат – најчесто од политички причини. Може да биде дипломатски азил, кој го дава државата на именување во зградата на своето дипломатско претставништво. Така на пр. Џулијан Асанж имаше добиено азил во амбасадата на Еквадор во Велика Британија. Поранешниот премиер на Република Македонија, Никола

Груевски пак, доби азил од страна на Унгарија.

***Акредитивно писмо*** – Исправа/документ со кој државата на именување го воведува и препорачува шефот на дипломатската мисија на шефот на државата на приемот. Во акредитивното писмо се наведуваат: име на шефот на дипломатската мисија, степенот на кој припаѓа – што автоматски служи како легитимација и полномошно на шефот на дипломатската мисија. Со предавањето на акредитивните

писма, шефот на дипломатската мисија стапува на функција.

***Амбасада*** – Термин кој се користи за означување на амбасадорот и персоналот што се поврзува со амбасадорот. Се користи како израз и за зградата во која амбасадата работи и ги врши своите функции.

***Амбасадор*** – Шеф на дипломатска мисија со највисок ранг.

***Анкетни (истражни) комисии*** – Комисии формирани за вршење на „истрага“ во случај на постоење на различен став

на страните околу одредена фактичка ситуација. Ваквите комисии можат да бидат однапред предвидени во меѓународните договори, но и да бидат формирани ад хок. Најчесто ваквите комисии се формираат од подеднаков број на соодветни експерти делегирани од засегнатите страни и одреден број од трета држава или меѓународна организација. Овие комисии се нарекуваат истражни, зашто можат да испитуваат сведоци, да консултираат експерти, па и да вршат истрага, по што изготвуваат конечен извештај. Треба да се истакне дека целта на комисијата не е да пронајде

решение на одреден спор, туку само спроведување на независна истрага и изработка на експертски извештај околу одредена фактичка состојба.

***Арбитража*** – Еден од начините на мирно решавање на спорови помеѓу државите. Најчесто арбитражата делува како еден вид на судска односно како неполитичка инстанца. Формирањето и надлежноста на одредена арбитража се утврдуваат преку договор на засегнатите страни, кој се нарекува арбитражен компромис. Во договорот, страните го определуваат

предметот на арбитражата, кое право ќе се применува, како ќе се избираат арбитрите и сл. Сето ова зависи од волјата на засегнатите држави и покрај постоењето на нацрт-конвенцијата за арбитражна процедура од 1953 година (која служи само како модел – правила за арбитражната процедура). Арбитражната одлука е конечна.

***Архив*** – Збирка на документи и списи сместени и чувани во посебна просторија во дипломатското и конзуларно претставништво. Овие документи имаат посебна заштита и имунитет согласно меѓународното право. Ова значи

дека овој материјал е заштитен од увид, одземање или уништување, дури и во воена или вонредна состојба.

Б

***Балканизација*** **–** Состојба на расцепканост, еден вид на неспособност за постигнување на заеднички договор за заеднички интереси. Состојба на константна дезинтеграција и создавање на повеќе помали држави од една голема држава. Терминот доаѓа од историските прилики на Балканскиот Полуостров уште од пропаѓањето на Османлиската Империја, но и повторно при расадот на СФРЈ, првично на шест, а со Косово подоцна на седум независни републики.

Б

***Бадентерово правило*** – Правен принцип кој се користи за да се обезбеди поголемо влијание на малцинствата во донесувањето на одлуките. Беше првично применето во Република Македонија по Охридскиот рамковен договор од 2001 година по етничкиот конфликт во земјата. Бадентеровото правило предвидува дека одредени одлуки во законодавниот орган мора да бидат донесени со двојно мнозинство и тоа мнозинство од вкупниот број на пратеници, но и мнозинство од пратениците кои припаѓаат на

Б

малцинските заедници (Македонскиот Устав оперира со терминот етнички заедници). На овој начин одредени одлуки не можат да бидат донесени без согласност од пратениците кои ги претставуваат малцинствата и се избегнува можноста од надгласување.

***Билатерален договор*** – Меѓународен договор склучен помеѓу две договорни страни. Таков пример е Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија за соработка во борбата против тероризмот, недозволена трговија со дрога и организиран криминал од 1995 год

В

***Вето*** **–** Право да се спречи донесување одлука или резолуција, дури и ако мнозинството го подржува носењето на тој акт. Најчесто такво право имаат државите – членки на определена меѓународна организација при одлучување за одредени одлуки. Познат пример е правото на вето на САД, Русија, Кина, Франција и Велика Британија во рамките на Советот за безбедност во ОН. Друг пример е правото на вето на државите членки на НАТО при приемот на нови држави во членството, што резултираше со долгогодишна неможност (се до 2020 год) на

Република Македонија да се зачлени во НАТО поради правото на вето на Грција, која е членка на НАТО.

***Вицеконзул*** **–** По ранг лице пониско од конзул, лице кое може да биде заменик и помошник на конзул. Може да раководи со конзулатот кога нема повисок ранг од него.

***Воен пакт*** **–** Меѓународен договор со кој се создаваат воени сојузи што се во корелација со значајни безбедносно-политички прашања. Практично, воен пакт е договор меѓу две или повеќе држави кој утврдува нивната

В

заедничка одбрана и соработка во случај на воен конфликт или закана. Историски примери го вклучуваат воениот троен пакт – оската Рим – Берлин - Токио, склучен пред Втората светска војна, Варшавскиот пакт за време на студената војна како и НАТО пактот кој постои до денес и во кој Република Македонија е членка од 2020 год.

Д

***Деловна способност*** – Правно овластување што го имаат субјектите во меѓународното право, да делуваат меѓународно правно и правните работи што ги преземаат да произведуваат правни последици. Така, додека државите имаат целосна деловна способност, протекторатите и вазалитетите имаат ограничена деловна способност (како на пример за склучување на меѓународните договори). Подрачјата под старателство пак немаат деловна способност.

Д

***Демарш*** – Службен чекор на претставник на една држава, преземен на надлежно место при надлежна установа на друга држава, за постигнување одредена цел. Потекнува од францускиот збор demarche, што значи чекор, мерка, постапка. Демаршот се користи за да се постигне некое чинење или нечинење на другата страна.

***Дерогација*** – Поништување, ставање вон сила или отповикување на некои правила или договорени одредби.

***Дипломат*** **–** Лице кое е дел од дипломатскиот персонал, на кое

му е доверена дипломатска задача, односно член на дипломатска мисија, овластен да обавува квалификувани работи. Под терминот дипломати се вбројуваат: амбасадор, советници, аташеа итн.

***Дипломатија*** – Умешност за преговарање помеѓу претставници на држави (или групи – во поширок контекст) заради постигнување однапред дефинирани цели. Така, дипломатијата може да се дефинира и како општествена дејност која е организирана на соодветен начин која ја претставува државата во

Д

меѓународните односи со цел да работи на остварување на надворешнополитичките цели на државата и тоа со помош на мирни средства. Интересно е да се компарира концептот дипломатија со концептот надворешна политика. За многумина не претставува грешка доколку се употребува терминот надворешна политика наместо терминот дипломатија или обратно. Сепак, поимот надворешна политика е поширок од поимот дипломатија. Односно дипломатијата е неодминливото, а веројатно и најважното средство на надворешна политика за

остварување на претходно дефинирани цели. Едноставно, дипломатијата не постои сама за себе туку е ставена во служба на надворешната политика. Наједноставно кажано, надворешната политика е она што се сака да се постигне, односно ги утврдува посакуваните цели, додека дипломатијата е избраниот начин преку кој се настојува да се постигнат истите цели.

***Дипломатска вализа*** – Курирски багаж. Според меѓународните конвенции ужива неповредливост и не може да биде отворан ниту задржан.

Д

Пакетите во дипломатска вализа мора да имаат ознаки.

***Дипломатска етика*** – Збир на вредности неопходни за извршување на дипломатските мисии и должности.

***Дипломатска и конзуларна заштита*** – Интервенција (или акт) на државата на испраќање, во корист на сопствениот државјанин, компанија или правно лице за заштита на нивниот интерес во државата на прием.

***Дипломатска нота*** – Формално соопштение упатено

до министерството за надворешни работи, а адресирано до владата или министерството за надворешни работи на друга држава. Дипломатската нота ја предава шефот на мисијата на државата на именување на министерот за надворешни работи на државата на прием.

***Дипломатска пошта*** – Кореспонденција помеѓу министерството за надворешни работи (и владата генерално) и нејзините дипломатски и конзуларни претставништва која ужива неповредливост и тајност за трета страна. Преписката мора да биде спакувана во

специјално изработени вреќи и запечатена, да не може да се извади ништо без печатот да биде оштетен. По правило, дипломатската пошта ја носи и следи дипломатски курир. Сепак со развојот на комуникациските технологии под дипломатска пошта влегува и електронската комуникација на пр. испраќање електронска пошта.

***Дипломатски имунитет*** – Изземање кое меѓународното право и Виенската конвенција за дипломатски односи им ја признава на дипломатскиот кадар и членовите на нивното семејство. Станува збор за привилегија што се дава на

дипломатите и нивните семејства како заштита од правна јурисдикција и од одредени видови на судење во земјата каде што работат. Оваа имунитетна заштита им дава слобода на дипломатите да ги извршуваат своите функции без страв од непотребно вмешување или прооследување од страна на месните правни инстанци.

***Дипломатски односи*** – Службени, официјални односи помеѓу две држави, кои доаѓаат до израз со акредитирање на шефови на мисии. Самите држави одлучуваат за воспоставување и прекин на

Д

дипломатските односи. Предуслов за постоење на дипломатски односи е взаемно признавање на конкретните држави. За да дојде до дипломатски односи потребна е согласноста на двете страни, додека пак за нивен прекин доволна е волјата на само една од страните. Така, НР Кина и Република Македонија взаемно воспоставија дипломатски односи во 1993 год. но Кина се реши еднострано да ги прекине дипломатските односи со Република Македонија во 1999 год. (заради признавањето на Тајван).

Д

***Дипломатски пасош*** – Пасош на лица кои патуваат во странство за извршување на важни државни работи, кој им го доделува Министерството за надворешни работи. Носителот на дипломатски пасош ужива посебна заштита и привилегии согласно со Виенската конвенција за дипломатски односи од 1961 година, вклучувајќи дипломатски имунитет од апсење, кривично гонење и други правни постапки во рамките на своите службени должности. Дипломатската пошта и личните предмети на носителот не смеат да бидат претресувани или конфискувани,

# Д

а при преминување на граници носителите често имаат олеснети процедури за влез и излез, како и ослободување од визни обврски во многу земји. Носителот исто така е ослободен од одредени даноци и административни мерки во државата-домаќин, а заштитата и привилегиите во одредени случаи важат и за членовите на неговото семејство. Овие привилегии се однесуваат само на службените активности на носителот и не го ослободуваат од обврската за почитување на законите на земјата во која престојува.

Д

***Дипломатски преговори*** – Заедничко разменување мислења, идеи, ставови, како да се решат предмети од заеднички интерес, да се донесе одлука или да се склучи договор.

***Дипломатско право*** – Збир на норми на меѓународното право, кои се однесуваат на правата на државите во однос на дипломатските односи, како и на дипломатскиот персонал, односно неговите функции, имунитет и должности.

Д

***Дискриминација во меѓународното право*** – Различност во постапувањето, непризнавање на некои права или одземање на права/поволности на субјекти во меѓународното право (на државјани, правни лица...). Истовремено се применуваат истите овие права и предности/поволности на други субјекти во меѓународното право. Таков пример е со оспорувањето на уставното име на Република Македонија од страна на Грција и воведувањето на барањето за промена на името како услов за членство во меѓународни

организации како ООН, ЕУ и НАТО, нешто што воопшто не постоело како барање во однос на други држави.

***Диспозитив*** – Делот од меѓународен договор, судска одлука или арбитражна пресуда кој ги содржи конкретните одредби, обврски и права кои произлегуваат од тој документ. Диспозитивот во меѓународното право е суштинскиот дел кој ги дефинира правата и обврските на страните кои се вклучени во договорот или спорот.

Д

***Доајен на дипломатскиот кор*** – Лице кое има церемонијална улога и често се смета за претставник или портпарол на дипломатската заедница пред владата на земјата-домаќин. Вообичаено, оваа функција се доделува на најстариот дипломатски претставник во дипломатската мисија. Во текот на пишувањето на овој текст, дипломатскиот доајен во Република Македонија е г–дин Фатос Река, амбасадор на Република Албанија.

## Д

***Добри услуги*** – Еден од начините на мирно решавање на спорови помеѓу државите. Така, во пракса не секогаш е можно да се воспостават директни преговори помеѓу државите кои имаат определен спор. Едноставно е можна ситуација, заради определено спорно прашање или заради претходни постапки засегнатите држави до тој степен ги нарушиле меѓусебните односи што тие одбиваат да остваруваат какви било директни средби. Овие ситуации можат да се разрешат преку таканаречени „добри

услуги“. Ова значи вмешување на трета страна која се среќава со сите страни кои одбиваат директно да се сретнат. Давателот на добрите услуги може да биде некоја трета држава, меѓународна организација, па дури и одредена индивидуа. Со вмешувањето на трета страна на еден начин се врши притисок помеѓу државите кои имаат спор да започнат директни преговори што воедно е и целта на третата страна која ги пружа добрите услуги. Секако, државите кои имаат определен спор мора најпрвин да ги прифатат овие услуги.

Д

***Договор за добрососедство со Бугарија*** – Билатерален договор помеѓу Република Македонија и Република Бугарија. Договорот за пријателство, добрососедство и соработка помеѓу Република Бугарија и Република Македонија е потпишан на 1 август 2017 година во Скопје. Иако промовираната тенденција на договорот е подобрување на заедничките односи, пред сè економска соработка, подобрување на инфраструктурата, соработка во туризмот, културата и други области, сепак овој договор има свои контроверзии. Со

Д

договорот, Република Македонија потврдува дека ништо од нејзиниот Устав не може и не треба да се толкува дека претставува или некогаш ќе претставува основа за мешање во внатрешните работи на Република Бугарија, со цел заштита на статусот и правата на лица кои не се државјани на Република Македонија, додека пак изостанува таква реципрочна обврска за Бугарија. Понатаму, со договорот е предвидено формирање на мултидисциплинарна експертска комисија за разгледување на историските прашања, а чијашто работа претставува еден вид услов за

поддршката на Бугарија за евроатлантските интеграции на Македонија. Исто така, во завршните и техничките одредби, Бугарија умешно одбива јасно да го признае македонскиот јазик, сведувајќи го само на фактичка состојба согласно постоечкиот устав на Република Македонија.

***Договорот од Преспа*** – Договор помеѓу Република Грција и Република Македонија. Исто познат како и Договор од Нивици каде што е и склучен е на 17 јуни 2018 год. Договор со кој се реши еден од најирацианалните спорови со кој Република Македонија се

обврза да го промени своето уставно име (со прифаќање на географската одредница „северна“ пред „Македонија“), а Република Грција го тргна своето вето во однос на евроатлантско интегрирање на Република Македонија. Дополнително, Република Македонија беше принудена да прифати бројни дополнителни ограничувања и толкувања во однос на придавката „македонски“, во поглед на историјата, да направи измени на преамбулата во Уставот и сл. Станува збор за контроверзен договор помеѓу другото и заради начинот на кој беше прифатен

Д

во Република Македонија со неуспешен референдум и бројни контроверзии за притисоци врз пратеници и без потпис на Претседателот на Републиката.

***Држава*** – Постојана политичка организација на луѓе на одреден простор. Критериумите за етаблирање на држава се следниве: да има постојано население (бројот на населението не е критериум, односно не постои минимум ниту максимум број на население како критериум), да има своја територија (големината на територијата не е критериум), да има сопствена

Д

влада (која ефикасно ја владее својата територија), да поседува капацитет да стапува во односи со другите држави и меѓународни организации.

E

***Евроазиската Економска Унија (ЕАЕУ)*** – Меѓународна организација со седиште во Москва и Минск. Формирана е во 2015 год. на база на претходната Царинска унија (основана од Русија, Белорусија и Казахстан). Во рамките на ЕАЕУ денес членуваат пет држави и тоа: Русија Белорусија, Казахстан, Киргистан и Ерменија. Во поглед на определени прокламирани економски цели и својата структура ЕАЕУ се чини дека се обидува да го копира моделот на ЕУ и е насочена пред сè кон економска интеграција и

заеднички пазар помеѓу своите членки.

***Европска Унија (ЕУ)*** – Уникатен пример на светската сцена и еден вид на хибрид со паралелни елементи на меѓународна (меѓувладина) организација и елементи карактеристични само за федерални држави. Сочинета е од 27 држави членки. За неформален главен град се смета градот Брисел. Нејзините органи имаат одредени надлежности кои се широки до тој степен што наликуваат на федерални органи во федерална држава, што секако дека е во зависност од волјата

на нејзините држави членки и нивната подготвеност до кој степен се волни да се откажуваат и делегираат дел од својот суверенитет за сметка на ЕУ. Унијата, денес, има сопствена валута, а државите членки практично помеѓу себе немаат гранични контроли (Шенген зона). Со Лисабонскиот договор се именуваше и еден вид европски министер за надворешни работи, кој ја извршува функцијата висок претставник на ЕУ за надворешна и безбедносна политика. ЕУ функционира како посебен правен ентитет, односно субјект на меѓународното право. Од друга

страна, државите членки на ЕУ и понатаму остануваа самостојни субјекти во меѓународно правниот промет. Сепак, во многу нешта ЕУ се покажа како прилично успешна економска интерација, а многу помалку како заеднички надворешнополитички актер. Република Македонија е држава кандидат за влез во ЕУ уште од 2005 год.

***Европски суд за човекови права*** – Судска инстанца на Советот на Европа. Неговото седиште е во градот Стразбур. Судот пресудува по однос на можни прекршувања на

E

примената на Европската конвенција за човекови права од страна на државите членки. Она што е специфично е тоа што врз основа на конвенцијата, поединци можат да поднесат жалба пред Судот во Стразбур за повреди на човековите права откако ќе бидат исцрпени сите средства кои постојат во засегнатата држава членка.

***Екстериторијалност*** – Израз кои се користи за сите лица и предмети (движни и недвижни) над кои не се применува законот на одредена држава.

# Е

***Екстрадиција*** **–** Предавање или испорачување на лице од страна на властите на државата на чие подрачје се наоѓа, на властите на државата која го бара тоа лице

.

3

***Заедница на независни држави (ЗНД)*** – Во декември 1991 год. се констатираше распадот на Сојузот на Советските Социјалистички Републики (СССР), но во истиот месец во градот Минск беше донесена спогодбата со која се основаше новата Заедница на Независни Држави (ЗНД) сочинета од Русија, Украина и Белорусија. За административно седиште беше определен градот Минск (делумно и Москва). Подоцна кон оваа заедница пристапија и останатите поранешни републики од СССР: Ерменија, Азербејџан, Казахстан,

Киргистан, Молдавија, Таџикистан, Туркменистан, Узбекистан и Грузија. Поранешните балтички републики на СССР: Естонија, Латвија и Литванија никогаш не пристапија кон оваа заедница. Денес можеме да констатираме дека ЗНД брои девет полноправни членки и една придружна членка. Имено, Туркменистан кој во меѓувреме се стекна со статус на постојано неутрална држава, денес учествува во работата на ЗНД само со статус на придружна членка. Украина иако е држава основач практично никогаш не

изврши ратификација, а се чини и нема таква намера заради своите прозападни амбиции и заради конфликтот со Русија од 2014 год. Грузија пак и официјално ја напушти ЗНД во 2008 год. по воениот конфликт со Русија. Неспорно е дека станува збор за регионална меѓународна организација со цел одржување на определена, пред сè економска, но и соработка и координација во одбраната, надворешните работи, мирно решавање спорови, екологија итн. помеѓу поранешните републики на СССР. Интересно е да се забележи дека во рамките на

оваа заедница определени држави остваруваат поконкретна и поблиска соработка во определени области од останатите. Така на пример, постои договор за формирање на Царинска унија од 2010 год. помеѓу Русија, Белорусија, Казахстан, која подоцна беше проширена со Киргистан и Ерменија, а денес интегрирана во Евроазиска Економска Унија (ЕАЕУ). Исто го издвојуваме и Договорот за создавање на Евроазиска Економска Заедница (ЕАЕЗ) помеѓу Русија, Белорусија Таџикистан, Киргистан и Казахстан во 2010 год. која во

2014 год. на еден начин беше заменета со Евроазиска Економска Унија (ЕАЕУ) со седиште во Минск и Москва

***Запден Балкан*** **-** е геополитички термин употребуван пред се од Европската Унија во рамките на нејзината политика на проширување. Тој ги опфаќа земјите од поранешна Југославија (без Словенија), а плус Албанија. Овој термин служи за да ги разграничи овие држави од веќе пристапените членки на ЕУ од регионот, како што се Бугарија и Романија. ЕУ го користи за да ги групира

земјите што сѐ уште се во процес на пристапување, истакнувајќи заеднички предизвици како владеењето на правото, економските реформи и стабилноста. Иако регионот се соочува со политички тензии и билатерални спорови, перспективата за членство во ЕУ останува клучен фактор за неговиот развој. Хрватска беше дел од групата, но во 2013 стана членка на ЕУ. Во групата на западен балкан денес вклегуваат, Босна и Херцеговина, Србија, Косово, Црна Гора, Македонија и Албанија.

И

***Извори на меѓународното право во формална смисла*** – Меѓународни договори и меѓународни обичаи чија содржина е правно обврзувачка.

***Извршување на договорите*** – Страните кои склучиле договор, должни се да го извршат истиот. Не може да се повикаат на национално законодавство за неизвршување на обврските.

J

***Јурисдикција*** **–** Овластувања на државата и на нејзините органи.

***Клаузула на најголемо повластување*** – Одредба со која една држава се обврзува на друга држава да и овозможи уживање на сите привилегии и исти услови што и ги дава на трета страна.

***Ковласт (кондоминиум)*** – Ситуација на двовластие. Односно, ситуација кога две или повеќе суверени држави заеднички управуваат со одредена територија или вршат контрола врз одредена област. Овој аранжман обично се јавува кога повеќе држави имаат конкурентни територијални

К

претензии или интереси во одреден регион, но тие се согласуваат да делат авторитет наместо да прибегнуваат кон конфликт или да дозволат една страна да доминира. Историски гледано пример за кондоминиум е Судан, кој бил под суверенитет на Обединетото Кралство и Египет сè до 1955 год. кога добива независност. Денес како нетипичен пример може да се земе Андора. Имено во Андора постојат две лица како шефови на државата. Станува збор за бискупот од Ургел и Претседателот на Франција. Специфично е тоа што ваквата состојба се

задржува дури и по приемот на Андора во ОН во 1993 година и нејзиното признавање од Франција и Шпанија како независна држава. Сепак нивната улога денес во многу нешта е церемонијална. Андора не е членка на ЕУ, иако го користи еврото како своја платежна валута. Според претходно кажаното, Андора е *sui generis* случај на *независна и суверена држава, но сепак со ситуација на кондоминиум.*

***Комонвелтот на нации (Commonwealth of Nations)*** - е меѓународна организација на 56 независни држави, кои главно

K

имаат историски врски со Обединетото Кралство. Основан како наследник на поранешната Британска Империја. Организацијата има за цел унапредување на демократијата, човековите права, економската соработка и културните врски меѓу своите членки. Седиштето на Комонвелтот се наоѓа во Лондон, Обединето Кралство, а негов формален лидер е британскиот монарх, иако организацијата функционира врз основа на принципот на доброволно членство и суверена еднаквост на сите земји.

К

Иако Комонвелтот не е политичка или економска унија, како што е Европската Унија, тој служи како платформа за дијалог и соработка меѓу земји со различни економски и политички системи. Некои членки, како: Канада, Австралија и Нов Зеланд, го признаваат британскиот монарх како свој државен поглавар, додека други, како: Индија и Јужна Африка, се републики, но остануваат активни членки на организацијата. Комонвелтот често се соочува со критики за неговата релативно ограничена политичка и економска моќ, но останува

важна мрежа за дипломатска и културна соработка меѓу државите од различни континенти.

***Комисија за меѓународно право*** – Комисија при ОН која ги подготвува нацрт конвенциите за предметите кои уште не се уредени со нормите на меѓународното право, како и делови од меѓународното право кои треба да се кодифицираат.

***Конзуларен патент*** – Документ издаден од државата на испраќање, со кој официјално се именува некое

лице за конзул. Се доставува до државата на прием за да се информира за именувањето. Конзуларниот патент содржи детали како: име на конзулот, ранг и конзуларниот регион.

***Конзуларно право*** – Дел од дипломатското и конзуларното право како правна гранка на меѓународното право со кое се уредуваат односите на конзулатот и лицата вработени во него.

***Конзулат*** – Канцеларија на една држава надвор од нејзините граници, во град на странска држава, чија цел е да

се заштитат интересите на нејзините граѓани кои се наоѓаат во државата на приемот.

***Конзул*** – Лице овластено да ги извршува конзуларните мисии и функции. Шеф на конзулатот, може да биде: генерален конзул, конзул, вицеконзул, конзуларен агент. Државата која го испраќа му дава исправа (патент). Државата на прием, му дава исправа врз основа на кој тој е овластен да ги врши своите овластувања (егзекватура).

***Конкордат*** **–** Договор кој се склучува, пред сè, со цел регулирање на положбата на католичката црква во државата

потписник на конкордатот. Секогаш едната страна е Светиот престол (Ватикан). Таков пример е конкордатот помеѓу Светиот престол и Бразил, склучен во 2008 година. Република Македонија сè уште нема потпишано конкордат со Светиот престол.

***Консензус*** – Начин на прифаќање ставови во меѓународните тела и на меѓународните состаноци, на кои се избегнува гласањето, особено кога не може да се постигне потребното предвидено мнозинство. Консензусот е процес на донесување одлуки кој се

базира на постигнување општа согласност меѓу сите членови на група или организација. Така наместо одлуките да се донесуваат преку мнозинство гласови, консензусот бара сите членови да се согласат со одлуката или барем да немаат силни приговори против неа.

***Конфедерација*** – Настанува врз основа на меѓудржавен договор кој се потпишува од повеќе држави за точно определени прашања за кои треба да се постигнат определени цели. Токму затоа, државите членки на конфедерацијата и понатаму се

меѓународно правни субјекти и си ја чуваат својата сувереност, освен во делот за заедничките и координирани настапи согласно со целите на потпишаниот меѓународен договор со кој е основана конфедерацијата, каде што имаат ограничена сувереност. Конфедерацијата претставува нов меѓународен субјект само кога настапува како целина во меѓународните односи врз база на надлежностите дадени со основачкиот меѓународен договор. Затоа конфедерацијата е всушност државен сојуз. Историските примери ги вклучуваат САД кои по прогласувањето на независност

од Англија беа формирани како конфедерација за да подоцна станат федерација. Официјално, пример за конфедерација денес е Швајцарија, иако според внатрешното уредување има многу повеќе елементи на федерација. Интересно е тоа што според своите елементи и НАТО пактот има елементи на конфедерација.

***Курири*** – Лица кои се овластени да пренесуваат дипломатска пошта/кореспонденција. При вршење на својата должност куририте и дипломатските

куфери не подлежат на преглед и одзема.

***Легитимен*** – Или законит е израз што се користи за да означи дека некој став, постапка, барање кое е во согласност со правото.

# M

***Мајски договор*** – Политички договор постигнат во мај 2007 година меѓу политичките партии ВМРО–ДПМНЕ и Демократската унија за интеграција (ДУИ). Договорот беше резултат на преговорите помеѓу лидерите на двете партии, Никола Груевски (ВМРО–ДПМНЕ) и Али Ахмети (ДУИ). Станува збор за договор според кој коалициските влади во Република Македонија ќе се формираат помеѓу партијата победник од условно кажано „македонскиот“ со партијата победник од условно кажано „албанскиот“ политички блок. Сепак ваква формулација ниту е

уставна нити законска категорија согласно позитивното македонско законодавство, па со тоа овој договор може да се смета за чисто меѓупартиски договор помеѓу две партии. Интересно е да се истакне дека иако ваков договор беше склучен по барање на ДУИ, токму ДУИ се реши да го прекрши по изборите во 2016 год. кога одучи да влезе во коалиција со партијата која беше второопласирана во условно речено „македонскиот“ политички блок.

***Меѓународен деликт*** – Прекршување на меѓународните норми, потекнува од латинскиот

збор *delictum* што значи престап, прекршок. Станува збор за секое дејствие што е во спротивност со меѓународното право, или дејствие со кое се нанесува штета на некој субјект во меѓународното право.

***Меѓународен договор*** – Правен акт кој е производ на согласноста на волјата на два или повеќе субјекта на меѓународното право, кој е изразен преку надлежните органи на овие субјекти, а со цел создавање на определени права и обврски заради остварување на заеднички интерес(и) или разрешување определено спорно(ни)

прашање(ња). Согласно Виенската конвенција за договорно право од 1969 год. меѓународниот договор се дефинира како „меѓународна спогодба склучена во писмена форма меѓу државите која е регулирана со меѓународното право, било да е оформена во единствен инструмент, било во два или повеќе меѓусебно поврзани инструменти, без оглед на нивниот посебен назив“. Во самиот почеток на дефиницијата се забележува дека се бара постоење на писмена форма како услов за постоење на меѓународна спогодба – договор, но во исто време не се забранува

склучување на усни спогодби. Ова значи дека и усните спогодби може да произведуваат правна сила, но во современите услови се претпочита постоење на јасна писмена форма.

***Меѓународен суд на правдата*** – Судска инстанца на ОН. Уште е познат и како Светскиот суд. Седиштето на Судот е во Хаг. Официјално, судот работи на англиски и на француски јазик. Неговиот претходник бил Постојаниот суд за меѓународна правда во рамки на Лигата на народите. Меѓународниот суд на правда е формиран во 1945 година како еден од органите на

ОН, согласно со Повелбата на ОН. Судот на правдата е составен од 15 судии кои се избираат од страна на Генералното собрание и Советот за безбедност и тоа од редот на истакнати правници. Судиите имаат деветгодишен мандат. Судот има надлежност да решава правни спорови меѓу државите поднесени од нив. Значи, за да може Судот да решава по конкретен предмет, најпрвин мора да ја има согласноста на странките – државите. Во надлежност на Судот е и таканаречената советодавна надлежност. Според Статутот, Судот може да

дава советодавно мислење по правно прашање, на барање на тело кое може да биде овластено да поднесе такво барање во согласност со Повелбата на Обединетите нации. На овој начин може да им помага на меѓународните политички органи во решавањето на споровите преку давање на авторитетно мислење околу правните аспекти што се јавуваат во вршењето на нивните функции. Сепак Судот нема советодавна надлежност доколку барањето се однесува на политичко прашање, а не на правно.

M

***Меѓународен спор*** – Спор помеѓу субјектите на меѓународното право. Начесто спор помеѓу две (или повеќе) држави, но може да станува збор и за спор на држава со меѓународна организација или спор помеѓу меѓународните организации.

***Меѓународна арбитража*** – Мирно решавање на меѓународен спор пред непристрасен арбитер, избран со волја и спогодба на странките во спорот. Одлуката на арбитражата има својство на пресуда.

***Меѓународна заедница*** – Поим со кој се опфаќаат сите држави заедно, понекогаш и меѓународните организации. Сепак постојат различи разбирања на терминот. Така, во Република Македонија (веројатно неправилно) честопати по овој термин се подразбираат само САД и ЕУ.

***Меѓународна конвенција*** – Поим кој се користи да означи меѓународни договори и спогодби. Често под овој термин се среќава и меѓународен договор кој се склучува со повеќе формалности и кој бара ратификација.

M

***Меѓународна конференција*** – Службени разговори/преговори помеѓу претставници на две или повеќе држави, за решавање на меѓудржавни спорови или склучување на меѓународни .договори.

***Меѓународни езера*** – Езерата чии бреговите не се спојуваат со сувоземната територија на само една држава односно меѓудржавните граници на барем две држави минуваат низ одредено езеро. Практично тоа е ситуација кога токму на одредено езеро постои водена граница помеѓу државите и ниту една држава нема суверенитет врз целокупното пространство

на езерото. Прашањето со суверенитетот на меѓународните езера се решава на начин што езерото се дели помеѓу крајбрежните држави со определување на меѓудржавната граница која минува низ езерото. Секоја од крајбрежните држави го задржува суверенитетот во делот од езерото кој е во рамките на нејзината државна граница. Ова значи дека сосем е можна ситуацијата кога над едно езеро постојат два или повеќе суверенитети, но секој од нив има точно определени граници. Ситуацијата е додатно комплицирана при постоење на големи езера. Во вакви случаи

M

се пристапува кон примена на правила слични на оние кои се применуваат во меѓународното право на морето. Така крајбрежните држави можат да определат сопствени територијални води, а остатокот од езерото да биде прогласен за меѓународни води во кои функционира меѓународна службеност во однос на право на пловидба, риболов и сл. Суверенитетот на крајбрежните држави се задржува во нивните територијални води, додека пак меѓународната службеност важи само за крајбрежните држави. Секако, забрането е користење на езерото на таков начин што може да предизвика штета на

која било друга страна што исто така има право да го користи езерото. Пример за меѓународно езеро е Охридското Езеро.

***Меѓународни односи*** – Термин кои се однесува на односите пред сè помеѓу државите, но и на народите, припадници на разни држави и народи.

***Меѓународни организации*** – Субјекти на меѓународното право кои се основаат од страна на конкретни држави (држави основачи) врз основа на договор и имаат сопствен субјективитет. Имаат онолку овластувања колку што државите членки се

волни да им отстапат. Меѓународните организации имаат свои органи.

***Министер за надворешни работи*** – Прв човек на министерството за надворешни работи на својата држава. Негова задача и задача на министерството за надворешни работи во целост е да ги води прашањата од областа на меѓународните односи и надворешна политика. Нормално, ова е во рамките на овластувањата кои ги има владата согласно со конкретното национално законодавство. За своите активности, министерот за

M

надворешни работи го известува и се координира во рамките на владата со премиерот, но воедно и со шефот на државата во врска со најзначајните прашања и стратешки правци во остварувањето на надворешната политика на државата. Заради остварување на своите функции министерот исто така ужива соодветни имунитети и почести. Во однос на целокупното министерство за надворешни работи може да се каже дека вообичаено врши и протоколарни работи за сметка на претседателот на владата и шефот на државата. Вообичаено се смета за шеф на

дипломатско–конзуларните претставништва.

***Министерството за надворешни работи (МНР)*** - е државна институција задолжена за формулирање, спроведување и координирање на надворешната политика на една држава. Тоа ја претставува земјата во меѓународните односи, управува со дипломатските мисии и конзулати, води билатерални и мултилатерални дипломатски односи и учествува во работата на меѓународни организации. МНР е одговорно за склучување и спроведување на меѓународни

договори, заштита на националните интереси во странство, како и за обезбедување дипломатска и конзуларна заштита на своите државјани во други земји.
Во различни држави, зависно од националното законодавство и уставниот систем, може да постојат варијации во надлежностите и функциите на МНР. Во некои земји, министерството може да има пошироки ингеренции, како што се трговската дипломатија, прашања поврзани со дијаспората или дури и управување со меѓународната развојна помош. Во други случаи, некои од овие

надлежности можат да бидат под јурисдикција на други министерства или посебни државни агенции. На чело на МНР стои министерот за надворешни работи, кој ја претставува државата и ја координира работата на дипломатските претставништва. Во рамките на министерството функционираат различни сектори и служби, како што се: дипломатски служби, протокол, анализа на меѓународните односи и односи со меѓународни организации.

M

***Мултилатерален договор*** – Меѓународен договор склучен помеѓу повеќе страни (најмалку три договорни страни). Како пример е Спогодбата помеѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина, Владата на Република Бугарија, Владата на Република Хрватска, Владата на Унгарија, Владата на Република Северна Македонија, Владата на Црна Гора, Владата на Република Србија, Владата на Словачката Република и Владата на Република Словенија за Соработка и координација на потрагата и спасувањето во областа на воздухопловството од 2023 год

Н

***Надворешни работи*** – Збир на сите активности кои државите и нивните органи ги вршат како субјекти во меѓународното право.

***НАТО*** – Организацијата на северноатлантскиот договор е меѓународен воен сојуз (НАТО). Овој воен пакт е формиран во историските услови по Втората светска војна. Имено, по завршувањето на најголемата војна во човековата историја, Источна и Западна Европа се најдоа меѓусебно разделени според идеолошките и политичките определби на Студената војна. Источна Европа падна под доминација

на Советскиот Сојуз. Заради парирање на ризикот од можните намери на Советскиот Сојуз да ја прошири својата контрола од Источна Европа кон другите делови на континентот, во 1949 година, дванаесет држави од двете страни на Атлантикот ја основаа Организацијата на северноатлантскиот договор во Вашингтон со потпишување на Вашингтонскиот договор согласно со кој напад над една држава членка ќе се смета како напад над сите држави членки (чл. 5). Подоцна како одговор на НАТО се формираше и Варшавскиот пакт под водство на СССР во 1955 година. Во

текот на Студената војна улогите и целите на овој воен сојуз беа јасно дефинирани бидејќи постоеше закана од страна на Советскиот Сојуз, односно НАТО беше организација за колективна одбрана на своите членки. Меѓутоа до раните 90-ти години, Варшавскиот пакт се распушти, а Советскиот Сојуз се распадна. Со исчезнувањето на традиционалните противници, некои аналитичари веруваа дека НАТО е непотребен и дека идните издатоци за одбрана и инвестирање во вооружените сили треба да бидат драматично намалени, меѓутоа НАТО продолжи да постои.

Својата нова мисија ја откри во постоењето на бројни безбедносни закани од регионални конфликти кои произлегоа од етнички или религиозни тензии и по завршувањето на Студената војна. Веројатно членките на НАТО сметаа дека нивната определба за колективна одбрана и соработка стекната преку НАТО продолжува да биде гаранција за нивната безбедност, а уште повеќе за експанзија на алијансата на исток и влијание согласно со нивните интереси ширум светот. Треба да се истекне дека иако во НАТО предничи САД, сепак одлуките се носат врз база на

консензус. Улогата на политичките и воените структури на НАТО се состои од обезбедување на политичка власт и заедничко воено планирање неопходно за оспособување на националните сили да ги извршуваат овие задачи, како и во организациски ангажмани потребни за нивната заедничка команда, контрола, обука и извршување. На овој начин се обезбедува, оваа организација да не е од чисто воена природа. Денес НАТО продолжува да биде организација која обезбедува колективна одбрана за своите членки и е препознатлива по своите мисии, како што се

мировните и оние за поддршка на мирот согласно со терминологијата на НАТО, а во суштина се однесуваат на интервенција надвор од границите на државите членки. На почетокот, НАТО имаше 12 држави, за денес да брои 30 (вклучувајќи ја и Република Македонија)**.**

***Неутралност*** – е институт во меѓународното јавно право. Овој термин потекнува од латинскиот збор *neuter* што значи „со ниту еден“ односно со никој. Институтот на неутралност означува дека една конкретна држава која е декларирана за неутрална нема да учествува во

некоја конкретна војна или, пак, зависно од видот на неутралноста, нема да учествува во ниту една идна војна. Неутралноста подразбира и обврска за неутралната држава на еднаков непристрасен однос кон државите кои меѓу себе војуваат и да не зазема страна преку давање поддршка на едната или на другата. Неутралноста на една конкретна држава може да биде постојана или привремена. Постојаната неутралност вообичаено се заснова на меѓународен договор, а потписниците се воедно и гаранти на неутралноста на односната држава. Меѓутоа и

самата, постојано неутрална држава има право да одржува воени сили со цел да ја брани својата неутралност во случај да биде прекршена. Најпознати постојано неутрални држави во Европа се Швајцарија (по Виенскиот конгрес во 1815 год.) и Австрија (по договорот од страна на државите сојузнички победнички во Втората светска војна – САД и Обединетото Кралство, како и Франција од една страна и СССР од друга страна во 1955 год.). Постојано неутрална држава од понов датум е Туркменистан чија неутралност беше призната од ОН во 1995 год. Интересно е дека еднострaната изјава на

држава за прогласување на постојано неутрален статус на неа не е доволна за воспоставување на посакуваниот статус. Таков е примерот со Исланд кој уште во 1918 год. прогласи постојана неутралност, но таа не беше поддржана со некој меѓународен договор и во суштина не произведе некое правно дејство. Од друга страна пак, постојат примери државата што гарантира неутрален статус на друга држава да се претвори во агресор и непочитувач на неутралниот статус. Таков пример е прогласувањето на постојано неутрална Белгија од 1839 год. кога нејзиниот

неутрален статус беше гарантиран од пет држави вклучително и од Германија. Но, за време на Првата светска војна германските трупи навлегоа на белгиската територија непочитувајќи го нејзиниот неутрален статус. Од соседството ја издвојуваме Србија која декларираше воена неутралност во 2007 год., но се чини дека оваа неутралност е многу повеќе еден вид на став и позиција на Србија кон можноста за зачленување во НАТО отколку класична неутралност. За разлика од постојано неутралната држава, привремено неутралната држава презема обврска да

Н

останe неутрална само во една конкретна војна што пак не ја спречува да влезе во друга војна, па дури подоцна и да го смени својот став во врска со својата неутралност. Привремената неутралност се прави со едностран акт на државата најчесто преку декларација. Привремената неутралност завршува со завршувањето на војната, освен ако државата не влегла во војна (без разлика на причините за таквата одлука) и го променила ставот за својата неутралност. Така на пр. Турција декларираше неутралност во Втората светска војна за на крајот на војната да им објави

војна на силите на оската. Друг пример се САД и тоа во двете светски војни во кои влегоа како неутрални, а излегоа како учесници на страна на победниците. Се смета дека учеството на САД имаше голем удел во крајниот исход на двете светски војни. Интересно е да се наспомене дека имало определени историски идеи за Македонија како неутрална држава и еден вид „Швајцарија на Балканот“. Првиот претседател на Републиката јавно прокламираше политика на еквидистанца кон соседите, односно подеднакво далеку и подеднакво блиску до сите.

***Нотификација*** – Службено известување за некоја мерка или преземен чекор.

***Нунциј*** – Постојан дипломатски претставник на Светата столица во некоја држава.

O

***Обединетите нации (ООН)*** – Меѓународна организација основана на 24 октомври 1945 година, кога стапи на сила Повелбата на ООН, со цел одржување на меѓународниот мир и безбедност, развој на пријателски односи меѓу државите, унапредување на меѓународната соработка и промовирање на човековите права. ООН е најголемата и најважната глобална меѓувладина организација, со 193 држави членки и седиште во Њујорк, САД, како и значајни регионални канцеларии во Женева, Виена и Најроби.

# О

Организацијата функционира преку шест главни органи: Генералното собрание, кое дискутира и носи препораки за глобални прашања; Советот за безбедност, кој е одговорен за одржување на мирот и безбедноста, има 15 членки, од кои 5 се постојани со право на вето (САД, Русија, Кина, Франција и Обединетото Кралство) и може да носи обврзувачки резолуции; Секретаријатот, кој ја извршува административната работа и е предводен од Генералниот секретар; Меѓународниот суд на правдата, кој решава правни спорови меѓу државите;

О

Економскиот и социјалниот совет (ЕКОСОС), кој координира економски, социјални и хуманитарни активности; и Старателскиот совет, кој во минатото управувал со територии под старателство, но престана со работа во 1994 година. Освен овие органи, ООН има и специјализирани агенции, програми и фондови, како што се: Светската здравствена организација (СЗО), УНЕСКО, УНИЦЕФ и др.

ООН игра клучна улога во одржување на меѓународниот мир преку мировни мисии, хуманитарни операции, спречување на конфликти и заштита на човековите права.

Исто така, организацијата активно работи на глобални предизвици, како што се: климатските промени, развојот, борбата против сиромаштијата и промоцијата на одржлив развој преку Агендата 2030 и Целите за одржлив развој (SDGs).
И покрај својата важност, ООН често се соочува со критики за својата неефикасност, особено во справувањето со големи меѓународни конфликти и кризи. Советот за безбедност, поради правото на вето на неговите постојани членки, често е парализиран при носењето одлуки за значајни безбедносни прашања. Некои држави ја обвинуваат ООН за бавно и

бирократско дејствување, недоволна способност да ги спроведе своите резолуции и неуспех во спречувањето на некои од најголемите хуманитарни катастрофи во поновата историја, како што се геноцидите во Руанда (1994) и Сребреница (1995).
Сепак, ООН останува централна платформа за глобална дипломатија и важен механизам за меѓународна соработка во различни области, од мировни мисии до заштита на животната средина.

***Ополномоштеник*** – Лице кое има уредно полномошно, врз

основа на кое е овластен да преговара, склучува и потпишува договори и да презема други акти кои го обврзуваат.

***Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ)*** – Најголемата регионална безбедносна организација во светот, формирана за унапредување на мирот, стабилноста и соработката меѓу државите. Нејзините корени потекнуваат од Конференцијата за безбедност и соработка во Европа (КБСЕ), која започна да функционира во 1973 година, а

О

официјално беше трансформирана во ОБСЕ во 1995 година. Организацијата има 57 земји членки од Европа, Северна Америка и централна Азија, што ја прави важен форум за дијалог и соработка во различни безбедносни прашања. Седиштето на ОБСЕ е во Виена, Австрија.

Главните активности на ОБСЕ се насочени кон превенција на конфликти, контрола на оружјето, заштита на човековите права, владеење на правото, изборен мониторинг и борба против организираниот криминал, тероризмот и корупцијата. Организацијата

работи врз основа на севкупниот концепт за безбедност, кој вклучува воена, политичка, економска, еколошка и хуманитарна димензија на безбедноста. ОБСЕ не носи правно обврзувачки одлуки, но нејзините препораки и мисии играат значајна улога во стабилизирање на кризните региони, особено преку своите набљудувачки и мировни мисии. ОБСЕ има клучна улога во набљудувањето на избори преку Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР), која испраќа изборни мисии за проценка на демократските процеси во државите членки.

О

Организацијата, исто така, поддржува мерки за изградба на доверба меѓу државите, како што се договори за разоружување и контрола на конвенционалното оружје.

Македонија е членка на ОБСЕ од 1995 година и активно учествува во нејзините иницијативи, вклучително и преку соработка во области како што се владеењето на правото, медиумските слободи и изборните процеси. ОБСЕ имаше значајна улога во набљудувањето и поддршката на демократските процеси во Македонија, особено во периоди на политички кризи и изборни процеси.

# О

***Охридски рамковен договор*** – Договор што е постигнат на 13 август 2001 година. Интересно е да се истакне тоа што и покрај фактот дека преговорите беа во Охрид, договорот беше потпишан во Скопје. Тој е договор меѓу претставниците на двете најголеми македонски и двете најголеми албански политички партии во земјата, под покровителство на Претседателот на републиката, а со цел да се стави крај на вооружениот конфликт од 2001 год. Договорот е склучен под силен меѓународен притисок, а негови потписници се и специјалните претставници на

САД и ЕУ. Договорот предизвика уставни промени и трансформација на Република Македонија, особено во делот на употребата на јазиците, симболите, правичната застапеност и другите права на заедниците. Согласно договорот, Републиката остана формално правно унитарна, начелно со еднакви права за сите заедници, иако можеме да констатираме дека во пракса постојат голем број на примери кои потврдуваат дека после овој договор државата всушност се движи кон бинационалност.

# П

***Повелба*** – Меѓународен договор со кој се основа меѓународна организација и ги утврдува основните принципи, правила и обврски за државите кои се членки на некоја меѓународна организација или кои се учесници во одреден меѓународен договор. Воедно повелбите се основоположни документи кои ја дефинираат структурата, целите и функциите на меѓународните организации и служат како правна основа за нивното функционирање. Најпознат пример е Повелбата на ОН.

П

***Позитивно меѓународно право*** – Важечко меѓународно право. Оваа право е актуелно во моментот и ги обврзува субјектите на меѓународното право.

***Посредување (медијација)*** – Еден од начините на мирно решавање на спорови меѓу државите. Целта на медијацијата е да предлага решенија кои стануваат конечни само ако бидат прифатени од сите засегнати страни што значи дека посредувачот мора да е неутрален и објективен. Честопати медијацијата и добрите услуги се мешаат, односно честопати трета страна

која е овластена да дава добри услуги се однесува и наметнува како посредник што пак е основа за приговор за пречекорување на овластувањата. Имено, добрите услуги имаат за цел да ги натераат страните да започнат директни преговори, но не и да наметнат или да предложуваат или сугерираат решенија. Доколку го прави тоа третата страна, тогаш станува збор за постоење на посредување, односно медијација, а не за добри услуги.

***Почесен конзул*** - (*Honorary Consul*) е лице, назначено да претставува определена држава

П

во друга држава, обично не е професионален дипломат и работи волонтерски, односно не е на платен список на државата која ја претставува. Овие конзули често се локални истакнати личности кои имаат интерес и врски со земјата која ја претставуваат. Почесните конзули обично се државјани на земјата во која служат, а не на земјата која ја претставуваат.

***Правото на самоодбрана*** – Концепт во меѓународното право кој дозволува државите да користат сила за да се одбранат од вооружен напад. Ова право е признато со

П

Повелбата на ОН, но воедно е дел и од обичајното меѓународно право. Иако Повелбата на ОН изречно забранува закана или употреба на сила како средство за решавање на меѓународни спорови, ова не било секогаш почитувано од сите држави. Затоа, дозволено е правото на самоодбрана на државата над која е извршена агресија. Треба да се истакне дека правото на самоодбрана постои и пред основањето на ОН уште од времето на пактот Келог-Браиан. Сепак користењето на ова право треба да е неопходно и пропорционално.

П

***Превентивната одбрана*** – Дејствување кон потенцијална закана дури и кога оваа закана не е непосредна. Превентивната одбрана подразбира дејствување кон потенцијална закана дури и кога оваа закана не е непосредна. Претходново дефинитивно се коси со генералната тенденција на Повелбата на ОН која е против унилатерално дејствување на државите за сметка на системот на колективна одбрана. Дополнително, може да се смета дека ова не е во согласност со чл. 51 од Повелбата на ОН во кој се бара постоење на вооружен напад за

да се активира правото на самоодбрана.

***Престанување на меѓународните договори*** – Меѓународните договори можат да престанат со истекот на рокот кој е предвиден во договорот. Меѓутоа се случува договорите да престанат со раскинување на договорот, поради виша сила и други околности.

***Протокол*** – Во дипломатскиот контекст претставува збир на правила, обичаи и формалности што го регулираат однесувањето, церемониите и комуникацијата во

П

официјалните односи меѓу државите, дипломатските претставници и меѓународните организации. Тој опфаќа прашања како што се: рангирањето на дипломатските претставници, начинот на примање и третирање странски делегации, организирањето официјални настани и дипломатската кореспонденција. Покрај својата церемонијална улога, протоколот има и правно значење, бидејќи може да се однесува на меѓународен договорен документ што служи како анекс на главен договор или содржи дополнителни

технички одредби поврзани со неговото спроведување. Почитувањето на дипломатскиот протокол е од суштинско значење за одржување меѓудржавната почит, избегнување недоразбирања и зачувување стабилни дипломатски односи.

***Пржинска влада*** – Еден вид на техничка (преодна) влада сочинета од министри и од позицијата и од опозицијата. Според т.н. Пржински договор, за надминување на политичката криза од 2015 година, сто дена пред парламентарните избори се воспоставува т.н. преодна влада, која треба да обезбеди

фер и демократски избори. Со учество на министри од опозицијата, во таа популарно наречена техничка влада, се очекува да бидат спречени евентуални манипулации на власта, со кои би си обезбедила логистичка предност во изборниот процес. Процедурата за воспоставување на преодната влада, односно официјално влада за спроведување избори, започнува со оставката на претседателот на политичката влада. Министерот за внатрешни работи го предлага партијата во опозиција со најголем број пратеници во собранието. Пржинската влада

е резултат на преговорите помеѓу политичките партии во Македонија, со посредство на Европската Унија, во обид да се надмине политичката криза која ја зафати земјата во 2015 година. Преговорите, одржани во Пржино, близу Скопје, доведоа до договорот кој се однесува на решавање на длабоката политичка и институционална криза која се разви поради обвиненијата за масовно прислушување и злоупотреба на власта.

***Протекторат*** – Ситуација на однос помеѓу држава наречена протектор и протектирана држава. Овој однос вообичаено

П

се заснова на меѓународен договор каде што една држава се става под заштита на друга. Државата која е под протекторат останува и понатаму субјект на меѓународното право. При ова протекторот е должен да ја штити и брани протектираната држава и да овозможи заштита на нејзините граѓани во странство преку дипломатските претставништва на државата протектор, зашто протектираната држава најчесто нема свои претставништва во странство. Пример од поблиското минато е Мароко, кој бил француски протекторат сѐ до 1956 год. Неретко овој институт бил искористуван од

помоќни држави за свое влијание во други. Сепак денес постојат мали држави кои се во слободно здружување со некоја поголема држава која им нуди дипломатска заштита. Таков е примерот со државата Ниуе и Нов Зеланд. Еден вид модерен протекторат беше и Косово во 1999 год. со воспоставената административна мисија на ОН или пак примерот со Источен Тимор.

***Размена на ноти*** – Допишување меѓу државите/нивните влади. Под размена на ноти се подразбира и двострана правна работа со која настанува меѓународен договор. Двете ноти заедно имаат сила како склучен меѓународен договор.

***Ратификација*** – Акт со кој се потврдува дека дадениот договор стапил во сила. По извршената ратификација (најчесто во собранието), вообичаено шефот на државата ја потпишува и издава ратификациската исправа.

C

***Светската трговска организација (СТО)*** – Меѓународна организација, официјално основана на 1 јануари 1995 година, врз основа на Маракешкиот договор од 1994 година, со цел регулирање и унапредување на глобалната трговија преку воспоставување правила, олеснување на трговските преговори и решавање на спорови меѓу државите членки. СТО е наследник на Генералниот договор за царини и трговија (ГАТТ), кој беше создаден во 1947 година како мултилатерален трговски договор за олеснување на светската трговија.

Со седиште во Женева, Швајцарија, организацијата има 166 држави членки и неколку набљудувачи, што претставува над 98% од светската трговија. Главната функција на СТО е да обезбеди слободна, предвидлива и транспарентна меѓународна трговија преку воспоставување договорени правила и стандарди. Организацијата го регулира глобалниот трговски систем преку неколку клучни принципи, вклучувајќи недискриминација (национален третман и клаузула за најповластена нација), реципроцитет, транспарентност и промоција на конкуренцијата, кои се спроведуваат преку

C

трговски рунди и мултилатерални договори. Организацијата, исто така игра клучна улога во решавање на трговските спорови преку својот Механизам за решавање на спорови. Сепак, од 2019 година, Апелацискиот орган е нефункционален поради блокадата во процесот на именување судии.

Иако нејзината примарна цел е трговската либерализација, СТО ја признава потребата од балансирање на економскиот раст со развојот, заштитата на животната средина и обезбедувањето правична конкуренција. Сепак, организацијата често е предмет

на критики, особено за неуспехот на рундата во Доха, во постигнување значајни олеснувања за помалку развиените земји, како и за нерамноправниот пристап во глобалната трговија што повеќе ги фаворизира развиените економии.

***Совет на Европа*** – Водечка организација за човековите права на европскиот континент која соработува со Европската Унија, Обединетите нации, Организацијата за безбедност и соработка во Европа итн. Не треба да се меша со Совет на ЕУ, што пак е институција во

рамките на ЕУ. Седиштето на оваа организација е градот Стразбур. Треба да се истакне дека ниту една држава членка на Советот на Европа не ја применува смртната казна. Се состои од 46 држави членки што практично значи дека членки се сите држави од европскиот континент со исклучок на Белорусија и Русија. Сите членки ја имаат потпишано Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Советот на Европа се залага за почитување на

слободата на изразување и медиумите. Особено е позната Венецијанската комисија која е сочинета од група експерти по уставно право со надлежност да дава правни совети. Советот на Европа го следи напредокот на државите членки преку независни експертски тела кои вршат мониторинг и даваат препораки. Судска инстанца на Советот на Европа е Европскиот суд за човекови права.

***Субјект во меѓународното право*** – Во меѓународното право, главни субјекти се државите и меѓународните организации.

***Суверениот воен ред на Малта*** – Уште познат и како *Редот од Малта* или *Витезите од Малта* е нашироко признат недржавен ентитет со сопствен меѓународно правен субјективитет. Не треба да се меша со Република Малта, која денес е независна држава со сопствен меѓународен субјективитет. Редот на Малта е религиска форма на организирање за која се тврди дека има зачеток уште од 1113 год. во градот Ерусалим. Овој христијански ред постои на територијата на Малта во периодот од 1530 год. до 1834 год. како вазал на Сицилија, но

C

и како независен по 1753 год. Со доаѓањето на Французите и окупацијата на Малта во 1798 год. овој ред беше протеран од островот. И покрај ова, конгресот од Верона во 1822 год. го призна континуираното постоење на овој католички ред како екстериторијален ентитет. Од 1834 год. до денес, како главно седиште на овој ред е зградата во Рим која поседува екстериторијалност. Денес редот на Малта сѐ уште постои и е со капацитет да влегува во односи со други субјекти на меѓународното право. Воедно овој ред има статус на постојан набљудувач во Генералното

собрание на ОН. Има воспоставено дипломатски односи со бројни држави во светот и тесно соработува со Меѓународниот црвен крст, зашто хуманитарните активности се главна карактеристика на овој христијански ред. Интересно е дека Суверениот ред на Малта има свои сопствени пасоши.

***Сукцесија*** – Институт на меѓународното право на премин на права и обврски од една држава на друга во случаи кога настануваат територијални промени, а со тоа и промени во суверенитетот, без разлика дали

до тоа доаѓа заради спојување на две или повеќе држави во една или пак обратно, раздвојување на една на две или повеќе држави или други случаеви. Притоа се случува и пренос на правата и обврските од претходната држава наречена сукцедент на државата сукцесор, односно од државата од која се одзема на државата која ја стекнува таа територија. На ваков начин се обезбедува определена правна сигурност во меѓународното право. Сепак, за да дојде до сукцесија не е доволно само да имало територијална промена, туку таа да не е нелегална окупација. Покрај правилата од

обичајното право овој институт е регулиран и со Виенската конвенција за сукцесија на државите во областа на договорите од 1978 година и Виенската конвенција за сукцесија на државите во областа на државниот имот, архивите и долговите од 1983 година. Така, се смета дека државата сукцесор е должна да ги почитува претходно утврдените граници со своите соседи. Претходново се однесува и на евентуално наследена меѓународна службеност на своја територија. Во однос на државниот имот, пак, се смета дека тој се пренесува на државата

наследник и тоа во целост ако сукцесорот е производ на обединување на две или повеќе држави или пак доколку сукцесорот е производ на сецесија тогаш има право само на правична поделба на претходно заедничкиот имот. Битно е да се истакне дека државните долгови на претходната држава се пренесуваат на државата или државите сукцесори во целост или пропорционално. Во однос на државните архиви, пак, се смета дека сите оние архиви кои се неопходни за работењето на државата сукцесор треба да ѝ бидат предадени. Во однос на добивањето на статусот на

C

држава сукцесор, повеќе или помалку, важно е таквиот статус да биде признаен од трети држави и тоа најчесто преку некоја меѓународна спогодба, конференција итн. Така на пр. Турција се сметаше за држава сукцесор на поранешната Османлиска Империја при потпишувањето на Спогодбата од Лозано од 1923 год. Кога станува збор пак за поранешни федерални држави имаме различни примери. Така по распадот на СССР, меѓународната заедница ја прифати Русија како држава сукцесор на СССР со право да го наследи и местото на постојна членка во Советот за

безбедност. Додека во случајот со распадот на Југославија, пак, Србија и Црна Гора (официјално Федерална Република Југославија) се декларираше за држава сукцесор. Сепак, ова не наиде на одобрување од меѓународната заедница, а пред сè државите членки на Европската Заедница, заради што сите републики кои прогласија независност од поранешна Југославија се сметаа за држави сукцесори. Така, Република Македонија се смета за една од државите сукцесори на поранешна СФРЈ.

Т

***Територии под старателство*** – Територии кои сѐ уште не се способни самите да се управуваат од какви било причини. Токму затоа, овие територии се доделуваат на управување на определени држави со точно определен мандат. Овие држави треба да ги помагаат народите на овие територии за што побргу да стекнат услови за независност. Треба да се наспомене дека овие територии не се под суверенитет на државите кои ги управуваат туку под суверенитет на ОН. Токму затоа државата која ја управува територијата под старателство –

државата старател има задолжение секоја година да доставува извештај до Старателскиот совет при ОН. Жителите на територијата под старателство имаат право со петиција да се жалат за работата на државата старател и тоа до Старателскиот совет на ОН. По истекот на времето од договорот за старателство, Генералното собрание е органот кој решава дали народот во територијата под старателство е подготвен за независност или пак има потреба да биде продолжено старателството. Денес можеме да констатираме дека територите под старателство полека заминаа во

T

историјата. Таков пример е државата Науру која во 1968 год. стана независна држава.

***Тиранска платформа*** – Тиранската платформа е политички документ кој беше создаден од лидерите на албанските политички партии од Македонија во јануари 2017 година, во Тирана, Албанија, под посредство на албанскиот премиер Еди Рама. Уште е позната и под името Албанска платформа. Овој документ содржи сет на барања за правата и положбата на албанската заедница во Македонија, а целта му беше да биде основа за формирање на

T

нова влада по парламентарните избори во декември 2016 година. Оваа платформа предизвика контроверзии зошто беше потпишана во странска држава и дефинитивно излегуваше од рамките на Охридскиот рамковен договор.

У

***Усвојување на текстот на договорот*** – Една од фазите за потпишување меѓународни договори. Им претходи на фазите за потпишување и ратификација.

***УНЕСКО*** – (Организација на Обединетите нации за образование, наука и култура) е специјализирана агенција на Обединетите нации основана на 16 ноември 1945 година со цел промовирање на меѓународната соработка во областа на образованието, науката, културата и комуникациите. Со седиште во Париз, Франција, УНЕСКО има 194 држави членки и игра клучна улога во

У

зачувување на културното наследство, промоцијата на квалитетно образование и поддршката на слободата на изразување.

Главните активности на УНЕСКО вклучуваат заштита на светското културно и природно наследство преку познатата Листа на светско наследство, која опфаќа значајни историски, архитектонски и природни локалитети ширум светот. Организацијата, исто така развива глобални образовни иницијативи, како што е програмата „Образование за сите“, која има за цел да обезбеди инклузивен и

У

квалитетен образовен систем, особено во земјите во развој.
Во областа на науката, УНЕСКО поддржува истражувања за одржлив развој, климатски промени и зачувување на биодиверзитетот. Исто така, организацијата работи на заштита и промоција на културната разноликост, јазичните права и слободата на медиумите, преку програми како што се Меѓународниот ден на мајчиниот јазик и иницијативите за заштита на новинарите.
Иако УНЕСКО има значајна улога во зачувувањето и промоцијата на глобалните културни и научни вредности, организацијата се соочува и со

предизвици, како што се политичките влијанија во нејзината работа и финансиската зависност од земјите членки. Сепак, останува една од најважните меѓународни институции за унапредување на културата, знаењето и образованието во глобален контекст.

Ф

***Федерација*** – Вид на сложена држава која е составена од повеќе федерални единки и е заснована на устав. Положбата и надлежностите на федералните единки е уредена токму со тој устав. Федерацијата е таа која има меѓународен субјективитет и располага со органи за учество во меѓународните односи, додека ако уставот дозволува и на федералните единки може да им се дозволи определено вршење на надворешнополитички работи. Затоа федерацијата е сојузна држава. Сепак постоеле еден вид исклучоци од ова правило.

Ф

Така на пример Украина и Белорусија имаа меѓународен субјективитет па дури беа примени во членство на ОН во 1945 год. иако и двете веќе беа во состав на СССР како федерални републики. Пример за федерација денес се САД, а историските примери ја вклучуваат СФРЈ чија рамноправна федерална единка беше и Република Македонија.

***Франкофонија (La Francophonie)*** – Меѓународна организација која обединува држави и влади што делат заедничка врска со францускиот јазик и култура. Основана во

1970 година, нејзината главна цел е унапредување на францускиот јазик, културната размена, демократските вредности и соработка меѓу земјите членки. Организацијата официјално е позната како Меѓународна организација на франкофонијата (Organisation internationale de la Francophonie – OIF) Нејзиното седиште се наоѓа во Париз, Франција.
Франкофонијата функционира како платформа за јазична и културна соработка. Една од најзначајните активности е одржувањето на Самитот на франкофонијата, кој се одржува на секои две години и на кој

земјите членки дискутираат за заеднички политики и стратегии. Организацијата тесно соработува со УНЕСКО, ООН и други меѓународни тела за промоција на францускиот јазик како глобален инструмент за меѓународна комуникација.

Република Македонија е членка на Меѓународната организација на франкофонијата од 2006 год.

# Ц

***Цесија*** – Цесијата се однесува на процесот на префрлање на суверенитетот над одредена територија од една држава (цедент) кон друга држава (цесионар), преку договор меѓу нив. Цесијата уште е позната и како отстапување. Историските примери се движат од дарување на територија како акт на апсолутистичките монарси, преку купување територија, па сè до утврдување на такви трансфери како обврска за поразената страна во мировни договори. Интересен пример е продажбата на огромната територија на Аљаска од страна на Русија на САД во 1867 год.

Ц

Во нашето соседство го бележиме примерот со цесијата од страна на Бугарија кон Кралството СХС на реоните околу градовите Струмица, Босилевград и Димитровград како резултат на Нејскиот мировен договор во 1919 год.

***Централноевропската иницијатива (ЦЕИ)*** – Регионална меѓувладина организација основана во 1989 година со цел зајакнување на политичката, економската и културната соработка меѓу земјите од Централна, Источна и Југоисточна Европа. Првично формирана како

## Ц

Квадрилатерала од Италија, Австрија, Унгарија и поранешна Југославија, организацијата постепено се прошири и денес брои 17 земји членки. ЦЕИ има седиште во Трст, Италија, и служи како платформа за дијалог, економска интеграција и поддршка на процесите на европска интеграција.

Главните активности на ЦЕИ се насочени кон поддршка на економскиот развој, транспортната и енергетската инфраструктура, еколошката одржливост, иновациите, науката, културата и човековите права. Една од клучните цели на организацијата е да помогне во приближувањето на земјите

Ц

кои не се членки на Европската унија кон европските стандарди и политики, преку размена на искуства и зајакнување на регионалната соработка.

Македонија е членка на ЦЕИ од 1993 година и активно учествува во нејзините програми, особено во иницијативи поврзани со европската интеграција, транспортот, енергетиката и науката. Членството во ЦЕИ ѝ овозможува на Македонија да учествува во различни проекти што ја олеснуваат соработката со соседните земји и ја поддржуваат нејзината реформска агенда.

# Ш

***Шеф на држава*** - Инокосен орган кој ја претставува државата како внатре, така и надвор. На внатрешен план, шефот на државата ја претставува државата пред странските претставници во земјата, а на надворешен план, кога во странство се среќава со претставниците на странските држави на билатерални средби, мултилатерални конференции, самити или кога учествува во работата на меѓународните организации итн. Во републиките шефот на државата е претседател, а во монархиите – монарх. Има соодветно учество (степенот на

Ш

учество зависи од конкретната национална легислатива) во креирањето на надворешната политика во соработка со владата, најчесто преку утврдување на општите насоки на надворешната политика. Во овој правец, при утврдување на општите насоки на надворешната политика на една држава, шефот на државата е вклучен во прашањата од меѓународните односи кои можат да имаат импликации врз безбедноста и одбраната на земјата. Токму затоа, честопати уставите го поставуваат шефот на државата и за врховен командант на оружените сили. Шефот на државата, исто така,

Ш

ја спроведува и надворешната политика и во овој правец може да води преговори на кои ја застапува својата држава и нормално да склучува меѓународни договори. Во делокругот на работата на шефот на државата, исто така спаѓа и правото да поставува и отповикува амбасадори и ополномоштени министри и претставници на својата земја во странство, да дава согласност за издавање на агреман на шефови на странски дипломатски претставништва, да прима акредитивни и отповикувачки писма на странските дипломатски претставници и сл. За

извршување на овие задачи, шефот на државата ужива посебни привилегии и имунитети, но и почести.

***Користена литература***


- **Aljarelah, A. K. (2024).** Language and international communication: The impact of language on international understanding and diplomatic relations. *The American Journal of Social Science and Education Innovations, 6*(6), 144–175.
- **Berridge, G. R., & James, A. (2003).** *A dictionary of diplomacy* (2nd ed.). Palgrave Macmillan.
- **Berridge, G. R., & Lloyd, L. (2012).** *The Palgrave Macmillan dictionary of diplomacy* (3rd ed.). Palgrave Macmillan.

- **Chas, W. F., Jr. (1995).** *The diplomat's dictionary*. DIANE Publishing.
- **Cooper, A. F., Heine, J., & Thakur, R. (Eds.). (2013).** *The Oxford handbook of modern diplomacy*. Oxford University Press.
- **Düzgün, D. (2023).** Toponymic diplomacy: A new conceptual framework for understanding the geopolitics of place names. *Geopolitics, 29*(4), 1356–1379. https://doi.org/10.1080/14650045.2023.2252349
- **Farrands, C. (2015).** *A new A–Z of international relations theory*. I.B. Tauris.
- **Feltham, R. G. (1996).** *Diplomatski priručnik*. Školska knjiga.

❖ **Griffiths, M. (2005).** *Encyclopedia of international relations and global politics*. Routledge.
❖ **Ibler, F. (1987).** *Rječnik međunarodnog javnog prava*. Školska knjiga
❖ **Kadrić, M., Rennert, S., & Schäffner, C. (2021).** *Diplomatic and political interpreting explained*. Taylor & Francis Group.
❖ **Sargsyan, E. (2023).** The penetration of French terms into the English-speaking diplomatic discourse. *Scientific Proceedings of the Vanadzor State University: Humanities and Social Sciences*. https://doi.org/10.58726/27382915-2023.1-101

- **Sen, B. (1988).** *A diplomat's handbook of international law and practice* (3rd rev. ed.). Springer.
- **Steiner, B. H. (2018).** *Diplomatic theory: A focused comparison approach*. Rowman & Littlefield.
- **Swiss Federal Department of Foreign Affairs. (2008).** *ABC of diplomacy*. https://www.eda.admin.ch/eda/en/home/dienstleistungen-publikationen/publikationen.html
- **Woods, J. R., & Serres, J. (1970).** *Diplomatic ceremony and protocol*. Columbia University Press.
- **Zhou, W. (2022).** Diplomatic interpreting and risk analysis: A literary survey. *International Journal of Translation and*

*Interpretation Studies, 2*(2), 19–31. https://doi.org/10.32996/ijtis.2022.2.2.2

- **Berković, S. (2006).** *Diplomacija i diplomatska profesija*. Urban Media.
- **United Nations. (1961).** *Vienna Convention on Diplomatic Relations*. https://treaties.un.org/pages/ViewDetails.aspx?src=TREATY&mtdsg_no=III-3&chapter=3
- **United Nations. (1963).** *Vienna Convention on Consular Relations*. https://treaties.un.org/pages/ViewDetails.aspx?src=TREATY&mtdsg_no=III-6&chapter=3
- **Завичевић, М. (1990).** *Војна дипломатија*.

Војноиздавачки и новински центар.

- **Петровски, Ц., & Зафировски, В. (1995).** *Прирачник за постапување на работниците на полицијата кон лица со дипломатски или конзуларен статус*. Министерство за внатрешни работи.
- **Сотироски, Љ., & Достинова Запрова, Т. (2015).** *Дипломатска организација, дејност и професија*. Универзитет „Гоце Делчев“

**Издавач:**
НУ Универзитетска библиотека
„Гоце Делчев“ – Штип
**Автори:**
Дејан Маролов, Наташа
Мирославева
**Рецензенти:**
проф. д-р Љубен Тевдовски,
д-р Андреј Лепавцов,
амбасадор
**Лектура:**
Слаѓан Спасовски
**Дизајн:**
Ристе Мицанов
**Печатење:**
Печатница „2-ри Август“, Штип
**Тираж:**
200 примероци
**ISBN:**
978-608-242-171-1
© Авторите, 2025
Објавено во Штип, 2025 година